Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

*Одделение за стратешко планирање*
*Njësia e planifikimit strategjik*

# *СТРАТЕШКИ ПЛАН*
# *2023 – 2025 ГОДИНА*

***Јануари, 2023***

*Почитувани,*

*Стратешкиот план претставува комплексен и сеопфатен документ кој содржи, мерки и активности групирани во програми и потпрограми, кои се во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Министерството за економија, а со тоа и на Владата на Република Северна Македонија.*

*Стретешкото планирање е алатка која има моќ, креираната визија да ја претвори во реалност. Оваа реалност преку стратешкото планирање веќе долги години успешно се спроведува во Министерството за економија.*

*Со стартешкото планирање се овозможува реализација на приоритети, цели и активности, кои ќе придонесат за развиена функционална економија, која ќе продуцира нови работни места, поголема ефикасност, продуктивност и конкурентност на компаниите, зголемување на извозот и пораст на инвестициите, повисок животен стандард и подобар живот за сите граѓани на Република Северна Македонија.*

*Стретешкиот план на Министерството за економија во наредните три години претставува рамка за на создавање на услови за развој на индустријата, на кластерингот, на вклучување на македонските компании во мрежата на глобални добавувачки ланци, креира мерки и активности за создавање на развиен претприемачки сектор, интеграција на националниот пазар во единствениот пазар на ЕУ, предлага политики за обезбедување на енергетска стабилност и сигурност, за истражување и одржливо искористување на минералните суровини, за развој на туризмот и угостителството, преку подобрување на стандардите и на туристичката понуда, се со цел да се подобри деловното окружување.*

*Изминатите неколку години беа направени клучни реформи во делот на подобрување на бизнис климата во земјата, подобрување на условите за работа на странските, но и домашните компании, како и за подобрување на деловната клима за нови инвестиции во енергетиката, пред се во делот на обновливите извори на енергија.*

*Сите овие реформи се направени преку континуиран дијалог со бизнис заедницата, со деловните здруженија, но и сите државни институции кои се креатори и имплементатори на економските политики, со единиците на локалната самоуправа, академската заедница, но и граѓаните.*

*Преку истиот дијалог веќе се зацртани и цели на кои активно ќе работиме и во наредниот период преку на нашите  програми, проекти, мерки и активности.*

*Кои се приоритетите на Министерството за економија во наредниот период?*

*Главен приоритет е финасиска поддршка за компаниите со кои ќе се помогнат во спроведувањето со повеќедимензионалните последици од пандемијата предизвикана од Ковид-19 од пред две години, потоа енергетската криза која дојде како последица од војната во Украина, потикнување на претпријатијата да излезат со иновативни решениеја за справување со развојните*

*предизвици кои произлегуваат од здраствено-економска и енергетска криза. Согласно новите состојби од енергетската криза, се подготвија повеќе уредби и нови мерки и програми со цел поддршка на деловниот сектор во надминување на негативните ефекти од кризата. Создавање на поволна деловна клима за бизнис секторот, пред се преку поддршка на домашните претпријатија, со главен фокус на малите и средните претпријатија, отворање на нови работни места преку нови инвестиции, развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија, поддршка на развојот на индустриско-преработувачките капацитети кои ќе бидат извозно ориентирани и ќе создаваат производи со повисока додадена вредност, подобрување на конкурентноста на туристичката понуда во земјата преку креирање на поволен бизнис амбиент и зголемена валоризација на културните и природните богатства, зголемување на бројот на туристи, раст на приходите од туризмот, со крајна цел зголемено учество на туризмот во вкупниот БДП на земјата и да се забрза економскиот раст на среден рок.*

*Еден од клучните приоритети во наредниот период ќе биде и одржливо искористување на природните богатства, меѓу целите се зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија и заштита на животната средина и раст на инвестициите во енергетскиот сектор, интегрирање на пазарите на електрична енергија со земјите од регионот и земјите членки на ЕУ, планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства.*

*Не, помалку од важно за Министерството за економија во наредниот период посебно откако Северна Македонија е членка во НАТО Алијансата и секако почетокот на преговорите со Европската унија е и јакнењето на позицијата на Република Северна Македонија во меѓународната заедница и унапредување на трговската соработка на билатерален, регионален и мултилатерален план, олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги, либерализација на трговијата и намалување на бариерите, како и ефикасно спроведување на правото во делот на заштита на потрошувачите. Во периодот во кој Република С. Македонија ќе продолжи да биде кандидат за членство во ЕУ на располагање ќе ѝ бидат дел од претпристапните фондови од буџетот на ЕУ како и Структурните и кохезионите фондови, како значаен финансиски инструмент на регионалната политика на ЕУ.*

*Реализација на овие цели, кои се во согласност со утврдените стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија ќе придонесе за обезбедување забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните.*

***Министер за економија***
***Kreshnik Bekteshi***

## ВОВЕД

Стратешкиот план како среднорочен стратешки документ, тесно е поврзан со процесот на буџетско планирање и извршување за период од три години, претставува значаен инструмент на планирање и следење на спроведувањето на Програмите во надлежност на Министерството за економија. Изготвен врз основа на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2023 година, Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија и Националната Програма за усвојување на правото на Европската Унија.

## МИСИЈА

Министерството за економија работи на создавање на услови за развој на индустријата, на кластерингот и вклучување на македонските компании во мрежата на глобални добавувачки ланци, развиен претприемачки сектор, креирање и интеграција на единствен пазар во ЕУ, обезбедување енергетска стабилност и сигурност, истражување, експлоатација и одржливо искористување на минералните суровини, развој на туризмот со подобрување на стандардите на туристичката понуда.

## ВИЗИЈА

Република Северна Македонија со развиена функционална економија, која ќе продуцира нови работни места, поголема ефикасност, продуктивност и конкурентност на компаниите, зголемување на извозот и пораст на инвестициите, повисок животен стандард и подобар живот за сите граѓани на Република Северна Македонија.

## ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

Задачите и обврските на Министерството за економиј, согласно надлежностите утврдени со Закон се однесуваат на:

- Предлагање на проактивна индустриска политика за зголемување на конкурентноста на индустриското производство и развој на одделни сектори од индустријата;
- Развој и поттикнување на општествена одговорност;
- Поттикнување на инвестициите преку подобрување на инвестиционата клима;
- Зголемување на регулацијата на внатрешниот пазар и ценовна либерализација, следење на движењата и состојбите на пазарот на стоки и услуги и влијанието на мерките на економската политика врз движењата на пазарот и односите на пазарот; снабдувањето на пазарот со прехранбени и други производи за широка потрошувачка , надзор над пазарот и заштита на потрошувачите и нивните права;

- Развој на енергетскиот сектор, зголемување на енергетската ефикасност и поттикнување на поголемо искористување на обновливите извори на енергија, конкурентност, сигурност на снабдување со енергија и заштита на животната средина;
- Поттикнување на претприемништвото и развој на малите и средните претпријатија и занаетчиството ;
- Создавање на услови за зголемување на извозот преку интензивна извозна промоција ,мултилатерална и билатерална соработка, либерализиран трговски режим и создавање на соодветна регулаторна рамка во согласност со стандардите на ЕУ и барањата на СТО;
- Искористување на минералните и неминерални природни ресурси;
- Развој и промоција на туризмот и угостителството;
- Управен надзор и други управни работи утврдени со Закон;
- Координација на странска помош и Програмите на Заедницата (КОСМЕ).
- Координација и учество во работните групи во рамки на Кластерите, односно Поглавјата од Проговарачката рамка, како Институција носител на 7 Поглавја и воедно како Институција учесник во повеќе од 20 Поглавја,
- Програмирање, техничка имплементација и мониторинг на ИПА Проекти и координација на друга странска помош со цел поддршка на транзицијата и реформите во делот на преговарачките Поглавја кои се во надлежност на Министерство за економија.

## СПЕЦИФИЧНОСТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

Министерството за економија според надлежностите утврдени со Закон, по својата Мисија и утврдена Визија предлага и реализира програми и проекти кои се однесуваат на развојот на повеќе витални економски сектори како што се индустријата, енергетиката, искористувањето на минералните суровини, туризмот, претприемништвото, трговијата, внатрешниот пазар и заштитата на потрошувачите, активностите за европска интеграција и општествената одговорност. Со тоа е одредена специфичноста на Министерството за економија за зголемено учество на хоризонтални програми и проекти во споредба со другите органи на државната управа. Хоризонталниот пристап истовремено е и интернационализиран. Тој треба да комуницира и со среднорочните стратегии на Европската унија, обезбедувајќи национален пристап. Тоа од друга страна ја истакнува потребата од постојано унапредување на интер и интра ресорска координација, соработка со бизнис заедницата, органите на локалната самоуправа, стопанските комори и научните институции.


НЕЗАВИСНИ ОРГАНИ-ЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ
МИНИСТЕР
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ
ЗАМЕНИК НА МИНИСТЕРОТ
ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ЕНЕРГЕТИКА
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И КОНКУРЕНТНОСТ НА МСП
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ВНАТРЕШЕН ПАЗАР
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА И ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ПРАВНИ РАБОТИ
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО, ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ
ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА И ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ
СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРОТ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТЕХНИЧКА ПОМОШ НА МИНИСТЕРОТ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНИКАЦИЈА,ПРОТОКОЛ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕКРШОЧНА, СУДСКА И УПРАВНА ПОСТАПКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТЕЧАЈ И ПРОЦЕНА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО И КОНЦЕСИИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТРГОВСКИ ДРУШТВА, ЕДНОШАЛТЕРСКИ СИСТЕМ И ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА
СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КАНЦЕЛАРИСКО И АРХИВСКО РАБОТЕЊЕ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕВОДИ, ЛЕКТОРИРАЊЕ И ЈАЗИЧНА РЕДАКЦИЈА
СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВРАБОТУ-ВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ, МОБИЛНОСТ И ПРАВА ОД РАБОТЕН ОДНОС
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МОТИВА-ЦИЈА, ОЦЕНУВАЊЕ,СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ, СЛУЖБЕНИЧКИ ОДНОС И ИНФОМАТИВЕН СИСТЕМ ЗА ЧОВЕ ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БУЏЕТСКА КООРДИНАЦИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БУЏЕТСКА КОНТРОЛА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СМЕТКОВОД-СТВО И ПЛАКАЊЕ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
СЕКТОР ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ НА ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО
ОДД. ЗА ТЕКОВНО СЛЕДЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА, АНАЛИЗА И ВЛИЈАНИЕ НА АКТИВНОС-ТИТЕ ВО ТУРИЗМОТ И УГОСТИТЕЛСТВОТО
СЕКТОР ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕГОВОРИ И ИНТЕГРАЦИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ,ТЕХНИЧКО СПРОВЕДУВАЊЕ,СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ИПА ПРОЕКТИТЕ И СЛЕДЕЊЕ НА БИЛАТЕ-РАЛНАТА И МЕЃУНАРОДНА СТРАНСКА ПОМОШ
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШЕН ПАЗАР
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МОТОРНИ ВОЗИЛА И ТЕХНИЧКИ ПРОПИСИ
СЕКТОР ЗА ИНФОРМАТИЧКА И КОМУНИКАЦИСКА ТЕХНОЛОГИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА
СЕКТОР ЗА ЕНЕРГЕТИКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТИКА И АНАЛИЗА, РАЗВОЈ И ИНВЕСТИЦИОНИ ПРОЕКТИ ВО ЕНЕРГЕТИКАТА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФОСИЛНИ ГОРИВА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТРАТЕШКИ ПРОЕКТИ И СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ ВО ЕНЕРГЕТИКАТА
СЕКТОР ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА
ОДДЕЛЕНИЕ ГЕОЛОГИЈА И ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МОНИТОРИНГ И СЛЕДЕЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА КОНЦЕСИИ ЗА ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ
СЕКТОР ЗА МЕЃУНАРОДНО-ТРГОВСКА СОРАБОТКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКИ РЕЖИМ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МУЛТИЛАТЕРАЛНА ТРГОВСКА СОРАБОТКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БИЛАТЕРАЛНА ТРГОВСКА СОРАБОТКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА УСЛУГИ
СЕКТОР ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И КОНКУРЕНТОСТА НА МСП
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И КОНКУРЕНТНОСТ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ НА КОНКУРЕНТНОСТ НА ЗАНАЕТЧИСТВОТО
СЕКТОР ЗА ИНДУСТРИСКА И ИНВЕСТИЦИСКА ПОЛИТИКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНДУСТРИСКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНВЕСТИЦИОНА ПОЛИТИКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ И ГРАДЕЊЕ НА ПАРТНЕРСТВА

**Орган во состав на МЕ – Управа за наменско производство**



## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

**Поддршка и развој на мали и средни претпријатија**

- Поддршка на домашните претпријатија, пред сè на микро, малите и средните претпријатија и занаетчиите,
- Подобрување на деловното опкружување за раст на микро, малите и средни претпријатија,
- Динамичен екосистем на претприемништво и иновации,
- Конкурентни мали и средни претпријатија како двигатели на инклузивниот економски раст.

**Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија, инвестициона политика и општествена одговорност**

- Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија,
- Зајакнат меѓуинституционален дијалог во функција на креирањето на политиките, мерките и активностите за индустриската политика,
- Унапредување на знаењата базирани на високи технологии, истражување и развој, извозно ориентирани стратегии и модел базиран на индустријализација,
- Унапредување на концептот и практиките за општествена одговорност.

**Развој на туризмот и угостителството во Република Северна Македонија**

- Подобрување на конкурентноста на туристичката понуда во земјата преку креирање на поволна бизнис клима и зголемена валоризација на културните и природните богатства,
- Зголемување на бројот на домашни и странски туристи, раст на приходите од туризмот, со крајна цел зголемено учество на туризмот во вкупниот БДП на земјата,
- Зголемување на туристичката понуда и градење на препознатлив туристички имиџ со воведување на светски стандарди во туристичко-угостителските услуги,
- Унапредување на меѓународната туристичка соработка,
- Поддршка на туристичките дестинации надвор од туристичка сезона,
- Конкурентна бизнис клима за раст на бројот на мали и средни претпријатија и нови работни места од областа на туризмот и угостителството,
- Натамошен развој на активниот туризам како потенцијал за силен локален економски развој.

**Планирање и одржливо искористување на природните богатства**

- Зголемување на учеството на обновливите видови на енергија во финалната потрошувачка на енергија и заштита на животната средина;

- Обезбедување енергетска сигурност и стабилност;
- Рраст на инвестициите во енергетскиот сектор;
- Зголемување на користењето на природниот гас и искористување на сончевата енергија во домаќинствата;
- Интегрирање на пазарите на електрична енергија со земјите од регионот и земјите членки на Европскта Унија;
- Истражување, екплоатација и одржливо искористување на минералните суровини;
- Планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства и развивање на институционалните капацитети,
- Планирање и одржливо истражување и искористување (експлоатација) на минералните суровини

Како приоритетни цели се:

- изработка на Стратегија за минерални суровини;
- донесување на сите подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за минерални суровини;
- постапки за доделување на концесии за проспекциски геолошки истражување и за детални геолошки истражувања на минерални суровини;
- издавање на дозволи за детални геолошки истражувања;
- постапки за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини;
- издавање на дозволи за експлоатација на минерални суровини;
- унапредување на правната рамка од областа на минералните суровини;

**Креирање на единствен пазар–внатрешен пазар на Република Северна Македонија усогласено со целокупното законодавство на Европската Унија**

- Унапредување на заштитата на потрошувачите со натамошна хаармонизација на Законот за заштита на потрошувачите;
- Ефикасно спроведување на правото во делот на заштита на потрошувачите;
- Постигнување на поголема едуцираност на потрошувачите за остварување на нивните права, запознавање на трговците со правата и обврските и начинот на заштита на економските интереси;
- Зголемување на довербата на потрошувачите према трговците на стоки и услуги;
- Правна заштита на потрошувачите при склучување на договори за потрошувачки кредити како потрошувач
- Усогласување на националното техничко законодавство од областа на возилата со техничкото законодавство за возилата на ЕУ за регулирање на внатрешниот пазар, согласно ЕУ регулативата;

**Развивање на ефективна трговска политика**

- Создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис-секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава,

- Јакнење на позицијата на Република Северна Македонија во меѓународната заедница и унапредување на односите и јакнење на соработката на билатерален, регионален и мултилатерален план,
- Олеснување на пристапот на меѓународните пазари на стоки и услуги преку склучување на Договори за слободна трговија и договори за трговска и економска соработка, либерализација на трговијата со стоки и услуги и идентификување и намалување на бариерите во трговијата во рамките на склучените договори,
- Зајакнување на процесот на планирање, подготвување и следење на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) како основен стратешки програмски документ во процесот на усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската унија,
- Имплементација на Повеке годишниот Акциски план за регионалната економка област- MAP REA.

***ПРИОРИТЕТИТЕ И ЦЕЛИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА ИМААТ ЕДНАКВО ЗНАЧАЊЕ***

## ОСВРТ НА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2021/2022 ГОДИНА

## ПРОГРАМА 1: ПОДОБРУВАЊЕ НА ДЕЛОВНАТА КЛИМА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА

**Поддршка и развој на мали и средни претпријатија:**

Во 2021 година реализирани се следните мерки од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021 година, од област А. Поддршка и развој на микро, мали и средни претпријатија и занаетчиство:

1.1. Финансиска поддршка за микро и мали претпријатија (пристигнати се 276 апликации, одобрени се 101 и истите се исплатени),

1.2. Финансиска поддршка за женско претприемништво (пристигнати се 70 апликации од кои одобрени и исплатени се 27),

1.4 Субвенционирање на трошоци на занаетчии ( пристигнати се 95 апликации од кои одобрени и исплатени се 89),

2.2 Финансиска поддршка за сертифицирање на ХАЛАЛ систем (пристигнати се 13 апликации од кои одобрени и исплатени се 11),

3.1 Кофинансирање на дел од трошоците на претпријатија за купување на опрема, инструменти, алат кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава на лица за стекнување на вештини и квалификации (пристигнати се 6 апликации од кои одобрени и исплатени се 5),

Во 2022 година реализирани се следните мерки од Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2022 година:

1. Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија (пристигнати се 64 апликации, субвенционирани се 33 претпријатија со средства во износ од 6.070.781 ден),
2. Субвенционирање на трошоци на занаетчии (пристигнати се 33 апликации, субвенционирани се 23 занаетчии со средства во износ од 1.426.925 ден.),

3. Кофинансирање на проекти за развој и промоција на претприемништвото и занаетчиството во Република Северна Македонија со ребаланс на Буџетот за 2022 година беше избришана, а средствата беа прераспределени.

**Развој и подобрување на конкурентноста на македонската индустрија и инвестициона политика и општествена одговорност**:

Во **2021** година реализирани се стратешките документи во секторот и Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2021, дел Б за имплементација на индустриска политика, делот Г за Општествена одговорност. Делот за В за Поддршка на кластерите не беше реализиран поради пренамена на средствата со ребалансот на буџетот.

Во **2022** година усвоен е нов Акциски план за имплементација на Индустриска стратегија, донесена е Програма за поддршка на конкурентност на преработувачката индустрија и општествена одговорност за 2022 година. Јавните повици за мерките по Програмата се објавени. Мерките се поврзани со поддршка на деловните субјекти во развој, развој на производ, развој на пазар, поддршка на лабораториите во нивна акредитација, реакредитација и набавка на опрема, поддршка на фирмите за креирање ланец на вредности.

Подготвена е драфт стратегија за извозна промоција, со цел да се поддржи интернационализацијата на деловниот сектор.

**Поддршка и развој на туризмот и угостителството:**

- Меѓународна и билатерална соработка во туризмот;
- Поставена туристичка сигнализација на територијата на цела држава;
- Печатење на промотивен материјал;
- Одбележување на светскиот ден на туризмот со доделување на признанија за најуспешните од обласса на туризмот, 50 фирми добија признанија за успешност;
- Поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи во Република Северна Македонија во 2021 година се издадени 3.092 потврди (ваучери) за работници со ниски приходи во износ од 12.000,00 денари, од кои се искористени 2.816 во угостителски објекти (хотели) во целата држава;
- Набавка на мобилна апликација “Visit Macedonia”;
- Финансиска поддршка за женско претприемништво во туризмот;
- Субвенции за туристички цели на селски домаќинства;
- Поддршка на Активен туризам.

## ПРОГРАМА 2: ОДРЖЛИВО ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ПРИРОДНИТЕ РЕСУРСИ

**Развој на енергетиката:**

- Донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика,
- Донесен Закон за за изменување и дополнување на Законот за енергетска ефикасност,
- Донесен Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за обновливи извори на енергија,
- Донесен Акциски план за енергетска ефикасност,
- Донесен Национален акциски план за енергија и клима,
- Донесена Уредба за критериумите и условите за прогласување на кризна состојба во случаи на временски и природни непогоди, хаварии и нарушувања на пазари на електрична енергија, начинот на снабдување со електрична енергија во кризна состојба, мерките што се преземаат во случај на кризна состојба, како и правата и обврските на носителите на лиценци за вршење на електроенергетски дејности,
- Извештај за енергетска ефикасност до Енергетска заедница,
- Извештај за ОИЕ до Енергетска заедница,
- Извештај за сигурноста во снабдувањето со природен гас,
- Донесување на Енергетскиот биланс -Министерството за економија го подготви Енергетскиот биланс. Владата на Република Северна Македонија го донесе Енергетскиот биланс за 2021 година,
- На почетокот на 2022 година се донесе Програма за заштита на ранливите потрошувачи на енергија и Програма за финансиска поддршка за производство на електрична енергија,
- Министерството за економија завршува со подготовките на следните подзаконски акти од областа на енергетска ефикасност кои произлегуваат од новиот Закон за енергетска ефикасност,
- Правилник за енергетски карактеристики на згради,
- Правилник за енергетска контрола на здради,
- Тарифник за енергетска контрола на згради,
- Правилник за енергетска контрола кај големи трговци,
- Тарифник за енергетска контрола кај големи трговци,
- Правилник за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси што користат енергија,
- Уредба со која се утврдува Облигационата шема за енергетска ефикасност,
- Правилник за МВП ,

- Издадени се Уверенија за ракувачи со одделни видови на енергетски уреди и постројки и Овластувања за енергетски контролор според Законот за измена на законот за енергетска ефикасност ,
- Измена на Правилникот за Обновливи извори за енергија,

**Програми и проекти**

Програмата за ранливи потрошувачи вклучува надоместување на сметките за електрична енергија и успешно се реализира

**Одржливо искористување на минерални суровини**:

- Изработка на измени и дополнувања на Законот за минерални суровини,
- Донесување на нов Тарифник за утврдување на висината на надоместокот за издавање на дозволи и концесии за вршење на детални геолошки истражувања и концесии за експлоатација на минерални суровини и подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за минерални суровини,
- Донесување на технички нормативи за експлоатација на минерални суровини кои произлегуваат од законската регулатива,
- Склучен Договор со МАНУ за изработка на Стратегија за минерални суровини,
- Одржување на ГИС-софтверските алатки,
- Одржување на системот е-концесии за доделување на концесии со електронска аукција.
- Спроведување на повеќе постапки (тендери) за доделување на концесии за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини,
- Изработка на Дозволи за детални геолошки истражувања и за експлоатација на минерални суровини.
- Издавање на Овластувања за изработка на геолошка документација и рударски проекти,
- Спроведување на стручни испити за полагање за добивање на Лиценци за изработка на геолошка документација, изведување и надзор на геолошки истражувања,
- Се отпочна со изработка на Стратегија за минералните суровини во Република Северна Македонија за планирање и одржливо користење на просторот и природните богатства како и развивање на институционалните капацитети помеѓу МАНУ и Министерство за економија,
- Усогласување со Секретаријат за законодавство за донесување на подзаконски акти кои произлегуват од Законот за минерални суровини и во овој период беа донесени 11 правилници и 1 упатство,
- Постапки за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини,
- Издадена 1 Дозвола за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини, додека во постапка се повеќе предмети за издавање на дозволи, кои се во фаза на прибирање на мислења од надлежни органи,

- Во постапка се повеќе предмети (иницијативи) за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања во фаза на прибирање на мислења од надлежни органи,
- Вршење на теренски увиди по поднесени иницијативи за започнување на постапки за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини како и за издавање на дозволи за детални геолошки истражувања,
- Спроведување на постапки по објавени Јавни повици за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини за 3 нови локации,
- Изработка на барања, мислења и информации од областа на геолошките истражувања,
- Постапки за доделување на концесии за експлоатација на минерални суровини,
- Склучени 5 Договори на концесии за експлоатација на минерални суровини,
- Издадени 8 Дозволи за експлоатација на минерални суровини по главен рударски проект и дополнителен рударски проект,
- Донесени се 3 Одлуки за еднostran раскин на договори за концесии,
- Вршење на теренски увиди по поднесени барања за експлоатација на минерални суровини,
- Вршење на контрола и надзор над склучените договори за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини,
- Спроведување на постапки по објавени Јавни повици за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини за 1 нова локација,
- Изработка на барања, мислења и информации од областа на експлоатација.

## ПРОГРАМА 3: КРЕИРАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ВНАТРЕШЕН ПАЗАР

- Од страна на ВРСМ усвоен е нов Закон за заштита на потрошувачите согласно најновите диективи од ЕУ,
- Имплементирана е Програмата за заштита на потрошувачите за 2021 година, согласно Законот за заштита на потрошувачите и доделни се средства за реализација на Програмата за заштита на потрошувачите за 2022 година

Од страна на ВРСМ усвоен е нов- Закон за технички барања на производите и оцена на сообразност и нацрт правилници по донос на овој закон:

- Правилник за електромагнетна компатабилност
- Правилник за ниско напонска опрема – ЛВД
- Правилник за опреама под притисок,
- Правилник за едноставни садови под притисок
- Правилник за пренослива опрема под притисок,
- Правилник за РТТ опрема,

- Правилник за рекреативни пловила,
- Правилник за ATEX – потенцијална експозивна атмосфера,
- Правилник за лифтови,
- Правилник за достапност на пазар и контрола на пазар на експолозиви за цивилна употреба
- Правилник за опрема запаливи под гас.

## ПРОГРАМА 4: КРЕИРАЊЕ НА ЕФЕКТИВНА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

- Континуирана детална анализа на усогласеност на прописите со директивата на ЕУ за услуги 32006L0123 и Законот за услуги,
- Имплементација на Акцискиот план за усогласување со директивата на ЕУ за услуги 32006L0123 и Законот за услуги при што голем број правни акти се изменети со што се елиминираа неоправданите бариери за пристап и давање на услуги во земјата и се модернизираше регулаторната рамка во услугите,
- Со Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија (Сл.весник на РСМ бр. 295/2021 и 150/22) се изврши усогласување со член 16 од директивата ( се овозможи услуги на времена основа во земјата за даватели на услуги од ЕЕП со одредба со одложена примена по пристапување во ЕУ), како и правото на ограничување за вршење трговија во недела и празници согласно член 2 од законот за празниците,
- Во тек е ИПА Проект „Зајакнување на внатрешниот пазар“ (EuropeAid/140492/DH/SER/MK) во чии рамки во компонента 2 се предвидени активности за унапредување на законодавната и институционалната рамка за ефективна имплементација на правото на ЕУ во областа на слободно движење на услуги и во областа право на трговските друштва,
- Во рамки на проектот спроведена е анализа на законодавството и оцена за усогласеност со Директивата за услуги/Законот за услуги во делот на земјоделски, шумарски и ветеринарни услуги, туристички и угостителски услуги, градежни услуги, услуги на авто школи и занаетчиски услуги. Предложени се мерки за усогласување со директивата/законот и за ажурирање на Акцискиот план,
- Во рамки на проектот спроведена е анализа на законодавството и оцена за усогласеност на Законот за трговските друштва и останатите поврзани закони со:
  -Директива (ЕУ) бр.2007/36 на Европскиот парламент и на Советот од 11 јули 2007 за остварување одредени права на акционери во друштва кои котираат на берза,
  -Директива (ЕУ) бр.2017/828 на Европскиот параламент и на Советот од 17 Мај 2017 година за измена на Директивата бр.2007/36 во врска со охрабрувањето на долгорочниот ангажман на акционерите,

-Регулатива бр.2018/1212 на Комисијата од 3 септември 2018 година за имплементирање на воспоставувањето минимални барања за имплементирање на одредбите од Директивата бр.2007/36 на Европскиот парламент и на Советот во врска со идентификација на акционерите, пренос на информации и олеснување на остварувањето на акционерските права,

- Директива (ЕУ) бр.2017/1132 на Европскиот парламент и на Советот во врска со одредени аспекти на компаниското право (кодифициран текст) ,
- Директива (ЕУ) 2019/2121 на Европскиот парламент и на Советот од 27 ноември 2019 за измена на Директивата (ЕУ) 2017/1132 во врска со прекугранични трнасформации, спојувања и поделби,
- Директива (ЕУ) 2019/1151 на Европскиот парламент и на Советот од 20 јуни 2019 година за измена на Директивата (ЕУ) 2017/1132 во врска со употребата на дигитални алатки и процеси во правото на трговските друштва (одредби поврзани со BRIS-The Business Registers Interconnection System),
- Имплементирачка Регулатива (ЕУ) 2021/1042 на Комисијата од 18 Јуни 2021 година за пропишување правила за примена на Директивата (ЕУ) бр.2017/1132 на Европскиот парламент и на Советот во врска со техничките спецификации и процедури за системот на поврзување на регистрите и замена на Имплементирачка Регулатива (ЕУ) 2020/2244 на Комисијата,
- Регулатива на Советот на Европските заедници 2137/85 од 25 јули 1985 за Европска Економска Интересна Заедница,
- Директива 2009/102 на Европскиот парламент и на Советот од 16 септември 2009 во областа право на приватно друштво со ограничена способност на едно лице,
- Регулатива на Советот на Европските заедници 2157/2001 од 8 октомври 2001 година за Статутот на Европското друштво ,
- Препораката 2014/208/ЕУ за квалитет во известувањата поврзани со корпоративно управување по принципот „примени или појасни,
- Препораката 2005/162/ЕК за улогата на неизвршните директори или членови на надозрен одбор на котираните компании и за комитетите на надзорниот одбор,
- Препораката 2004/913/ЕК за режимот на наградување на директорите на котираните компании,
- Препораката 2009/385/ЕК за дополнување на Препораката 2004/913/ЕК и Препораката 2005/162/ЕК за режимот/политики на наградување – плати и други надоместоци на директорите во котирани акционерски друштва,
- Остварено е учество на редовните состаноци на Комитетот за јавни набавки во 2021 и 2022, со присуство и виртуелни состаноци,
- Одржани се билатерални преговори за пристапување кон Спогодбата на СТО за јавни набавки со цел ревидирање и финализирање на Иницијалната понуда на РСМ,
- Доставена Финална понуда на РСМ и завршени се преговорите за пристапување кон Спогодбата на СТО за јавни набавки,
- Одржани се состаноци на Националниот комитет за олеснување на трговијата (NTCF),

- Поддржан е предлогот во врска со работниот текст за членот VI:4 од ГАТС со кој се разработуваат дисциплини за домашна регулатива во услугите, како дел од иницијативите во СТО за добра регулаторна пракса во трговијата со услуги,
- Завршени се преговорите за Референтен документ во рамки на Заедничката иницијатива на СТО за домашна регулатива во услугите. Подготвено е дополнување на Листата на специфични обврски во услугите на РСМ од Протоколот за пристапување во СТО со Референтниот документ како дополнителна обврска,
- Спроведена е сертификација на измените на Листите на Република Северна Македонија за специфични обврски во услугите согласно процедурите за сертифкација на Референтниот документ на СТО (S/L/84),
- Превземени се активности за понатамошното подобрување на олеснувањето на трговијата и бизнисот,
- Доставени се Нотификации во СТО по Спогодбата за пристап на пазарот, Спогодбата за земјоделство, Спогодбата за правила за потекло, Спогодбата за фитосанирарни мерки и Спогодбата за спроведување на членот 6 од Општата спогодба за царини и трговија од 1994 година,
- Донесен е и ратификуван Дополнителниот протокол 6 за трговија со услуги,
- Донесена е Одлука на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА за измена на Анекс 4 од ЦЕФТА договорот кој се однесува на Протоколот во врска со дефиницијата на производи со потекло и методи на административна соработка,
- Превземени се активности за понатамошното подобрување на олеснувањето на трговијата и бизнисот,
- Донесена е Одлука на Мешовитиот комитет на ЦЕФТА за измена на Анекс 4 од ЦЕФТА договорот кој се однесува на Протоколот во врска со дефиницијата на производи со потекло и методи на административна соработка,
- Преговори за Дополнителниот протокол 7 за решавање на спорови на ниво на ЦЕФТА,
- Отпочнати се преговорите за склучување на Спогодба за признавање на професионалните квалификации,
- Ратификувана е Одлука на мешовитиот комитет ЕФТА-Република Северна Македонија за Измена на Протоколот Б кон Договорот за слободна трговија меѓу ЕФТА државите и Република Македонија кој се однесува на дефинирање на концептот производи со потекло и методите на административна соработка,
- Финализирани се преговорите за Измена на Дополнителниот протокол по Договорот за слободна трговија со Украина (Ревидиран е Протокол Б со обемни списоци на производи што се под концесија, распоредени во шест одделни анекси I (а), I (б), I (в), II (а), II (б) и II (в) , и Ревидиран е Протокол Ц во согласност со правилата на Конвенцијата ПЕМ),
- Ппотпишани се Измена на Дополнителниот протокол по Договорот за слободна трговија со Украина (Ревидиран е Протокол Б со обемни списоци на производи што се под концесија, распоредени во шест одделни анекси I (а), I (б), I (в), II (а), II (б) и II (в) , и Ревидиран е Протокол Ц во согласност со правилата на Конвенцијата ПЕМ).

- Имплементација на Спогодбата за олеснување на трговијата во ЦЕФТА (донесена е Одлуката за Авторизирани економски оператори и стапи на сила на 1 април 2020 година, донесена е одлука на ЦЕФТА за овошје и зеленчук и стапи на сила, имплементиран е системот SEED + и донесена е Стратегијата за управување со ризици),
- Имплементација на Дополнителен протокол 6 за трговија со услуги (усвоена е Одлука за олеснување на трговијата во туристичките услуги, вклучувајки усвојување на взаемно признавање на лиценци, предложени се регионални дисциплини за домашната регулатива , изработена физибилити процена на соработката во осигурителниот сектор) ,
- Вклучување на РСМ кон иницијативата на СТО за електронска трговија и пристапување кон Спогодбата за информатичка технологија на СТО,
- Одржана е Првата седница на мешовитата комисија по договорот за ~~и~~ економска соработка со Казахстан,
- Одржана е Четвртата седница на мешовитиот комитет по договорот за и економска соработка со Унгарија,
- Одржано работно меѓуинституционално тело во рамки на правата работна група за економија, трговија и иновации помеѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија,
- Донесен е Закон за изменување и дополнување на Закон за трговски друштва (усогласување со законодавството на ЕУ преку прецзирање на одредбите за примена на Кодексот за корпоративно управување од страна на акционерските друштва кои котираат на берза. Воедно, се проширува и можноста за примена на конвертибилниот заем, за надворешно лице кое го дава заемот на друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ) („ Сл. весник на РСМ „ бр. 99/22),
- Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем (усогласување со Закон за прекршоци) („ Сл. весник на РСМ „ бр. 215/21),
- Донесен е Закон за изменување и дополнување на законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба (усогласување со Закон за прекршоци) („ Сл. весник на РСМ „ бр. 215/21),
- Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за трговија (усогласување со Закон за прекршоци) („ Сл. весник на РСМ „ бр. 215/21),
- Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за трговија (недела неработен ден) (Сл. весник на РСМ „ бр. 295/21 и 150/22),
- Донесена е Одлука за определување на највисоки цени на одделни производи во трговијата на големо и трговијата на мало (Сл. весник на РСМ „ бр. 270/21 , 280/21 и 20/22),
- Донесена е Одлука за посебни услови за трговијата на одделни стоки (Сл. весник на РСМ „ бр. 41/22 , 51/22 , 81/22, 135/22 и 137/22) ,
- Донесена е Одлука за ограничувањето на извозот на масло од сончоглед (Сл. весник на РСМ „ бр. 51/22),

- Донесена е Одлука за ограничувањето на извозот на одделни стоки (пченица, јачмен, пченка, брашно од пченица, семе од сончоглед и сурово масло од сончоглед( (Сл. весник на РСМ „ бр. 55/22, 67/22 и 93/22),
- Донесена е Одлука за ограничувањето на извозот на одделни стоки (пченица и брашно од пченица) ( (Сл. весник на РСМ „ бр. 55/22 и 166/22),
- Донесена е Одлука за ограничувањето на извозот на одделни стоки (огревно дрво, пелети, брикети и необработено дрво) ( (Сл. весник на РСМ „ бр. 166/22),
- Донесена е Листата на стоки и технологии со двојна употреба („ Сл. весник на РСМ „ бр. 82/22), во согласност со Анекс 1 на Регулатива на Комисијата 2021/821 и Делегираната регулатива на комисијата 2022/1 од 6 јануари 2022 година,
- Донесена е Одлука за забрана на продажба на одделни нафтени деривати (Сл. весник на РСМ ,93/22)
- Донесена е Одлука за укинување на увозната давачка-царинската стапка за увоз на масло од сончоглед за јадење (Сл.весник на РСМ бр. 93/22 и 166/22 ),
- Донесена е Одлука за укинување, на увозните давачки – царинските стапки на одделни производи (компоненти) потребни за производство на технолошко-напредни проиозоди (Сл.весник на РСМ бр.267/21 и 276/21),
- Објавени се Листите на стоки за 2023 година за кои ќе се користи принципот на распределба „прв дојден, прв корисник“ (first come, first served), од Европската заедница, Република Турција, Украина, Норвешка и Швајцарската конфедерација,
